**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРОЦЕСНА ТЕХНИКА ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р РИСТОЃОРГИ КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, бр. 1302-58/11 од 13.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
– д-р Зоран Димитровски, вонреден професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај - рецензија на ракописот за учебник „Процесна техника во поледелството“, поднесен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци заракописот:** Насловот на ракописот е „ПРОЦЕСНА ТЕХНИКА ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО”, предметот е ПРОЦЕСНА ТЕХНИКА и се слуша во VI семестар како изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Процесна техника и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за кој е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 383 страници, $A_1$ формат со нормален пропред, со 31 тематско поглавје и повеќе потпоглавја, а содржи 21 табела и 294 слики. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов за студиската програма досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината**: Во учебникот се опишани машините и уредите од целиот техничко-технолошки процеси во прехранбената индустрија на основа на преработка на зрното.

Во првиот дел е опишан начинот на складирање и разни видови на складишта каде што се складираат и чуваат одреден временски период поледелските култури во зрнеста структура.

Во вториот дел се објаснети современите типови на складишта од силосен тип, материјалот за градба, основните карактеристики на силосите, како и уредите и апарати за земање на мостра од житни култури. Во овој дел детално се опишани физичките карактеристики кои треба да ги задоволат културите кои се складираат во ваков тип на скалдишта.

Во третиот дел се објаснети специјализираните складишта за зрнести култури со капацитет од 3-4 илјади вагони.

Даден е детален опис од начинот на приемот на културите, видови ваги за мерењето на масата и начинот на чување и манипулација на разни видови поледелски култури во зрно.

Во четвртиот, петтиот и шестиот дел е објаснето складирањето и манипулацијата со маслодајните култури, шеќерна и сточна репка, коноп, ленено семе, чување и складирање на тутунот и изработка на цигари.

Во седмиот и осмиот дел се објаснети машините за прочистување и селектирање на семе од различни житни култури, како што се селектори, селектори со фотокелија, вибро сито аспиратори и др.

Во деветтиот дел детално е објаснет техничко-технолошкиот процес на сушарите, изборот на сушари, како и начинот на сушење на зрнестите култури.

Во десеттиот дел детално е објаснета конструкцијата на сушарите зелена маса.

Во следните неколку дела се опишани мерните инструменти за одредување и набљудување на влагата во зрната, како и мерките за делување.

Во седумнаесеттиот дел од учебникот се обработени видовите на  млинови за мелење на зрната, нивните делови и начинот на работа.

Во следните делови е даден детален опис на машините за пневматски транспорт, машините за пакување и шиење на вреќи и ќеси.

Во следното поглавје е даден опис за транспортни средства за внатрешен и надворешен транспорт.

На крајот во учебникот се преставени современите начини на траспорт на стока, палетизацијата и депалетизацијата и автоматско редење и празнење на истите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р **Саша Митрев** и проф. д-р **Зоран Димитровски,** констатира дека ракописот за учебникот „ПРОЦЕСНА ТЕХНИКА ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО“, пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов е напишан според новата наставна програма за студентите од студиската програма Поледелство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе им биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот „ПРОЦЕСНА ТЕХНИКА ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов и истиот да го одобри за користење како **учебник**, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Саша Митрев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зоран Димитровски, вонреден професор, с.р.**